**ЈАВНА УСТАНОВА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА**
**„ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО**

# С Т А Т У Т
## НА ЈАВНАТА УСТАНОВА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ФЕМО КУЛАКОВ“ НЕГОТИНО
**(пречистен текст)**

**Неготино, 2021 година**

Врз основа на член 19 став 2,3,4, член 59 точка 3 и член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.23/13; 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15,192/15, 27/16, 163/17, 21/18,198/18,104/19,146/19,275/19,311/20), и Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/2014 и 199/2014)член 29 од Статутот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино,и Одлука за изготвување на пречистен текст на Статутот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино бр 0201-367 од 17.08 2021 г, Управниот одбор на ЈУОДГ „Фемо Кулаков“ Неготино на ден 17.08 2021 година донесе:

# СТАТУТ
## На Јавна Установа - Општинска детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино
## (Пречистен текст)

### 1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут на Јавната установа - Општинска детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино (во понатамошниот текст:детска градинка) се уредува :називот, седиштето, дејноста ,организационата поставеност, управувавувањето и раководењето, стручните органи, евиденцијата и документацијата, информирањето , деловната тајна одбраната,имотот на градинката,преодните и завршните одредби и други прашања од работата на детската градинка.

**Член 2**

Одделни прашања што не се уредени со овој Статут може поблиску да се уредат со правилници,одлуки и други акти кои треба да бидат во согласност со одредбите на законот.

**Член 3**

Називот на детската градинка е:

Јавна установа - Општинска детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино.

Седиштето на Јавната установа - Општинска детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино е на Ул.„Киро Крстев“ 16 Неготино .

Скратен назив е: ЈУОДГ “Фемо Кулаков“Неготино.

**Член 4**

(1)Детската градинка “Фемо Кулаков“Неготино е основана на 08.03.1960 година со Решение бр. 01-1203 од Народниот одбор на Општина Неготино со кое е дадена согласност за работа.

(2) Детската градинка “Фемо Кулаков“ Неготино се одлука на Владата на РМ бр. 19-2487/1 од 22.06.2005 година продолжува да работи како Општинска детска градинка, согласно пренесените основачки права и обврски како и правото на сопственост на објектите на истата, на Општина Неготино.

**Член 5**

Детската градинка има својство на правно лице и се запишува во Централен регистар.

**Член 6**

Детската градинка во правниот промет со трети лица за своите обврски одговара со сите свои средства со кои располага и со кои се користи целосна одговорност.

**Член 7**

Детската градинка има печат и штембил.

Печатот е во облик на круг со пречник од 3 см со испишан текст на името на Р Македонија,името на оснивачот и името и местото на детската градинка.

Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот е во правоаголна форма со пречник 2,5 Х 5,5 см. Со истиот текст како и печатот,со тоа што се остава место за број и дата на предметот.

**Член 8**

Со печатот и штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот на детската градинка.

**Член 9**

Промена на називот и статусни промени на детската градинка се вршат согласно закон.

**Член 10**

Детската градинка ја застапува и претставува директорот.

Во случај на негова спреченост или отсутност детската градинка ке ја застапува и претставува лице што тој ке го овласти.

**Член 11**

Директорот како застапник е овластен во име на детската градинка да склучува договори и врши други правни дејствија,како да ја застапува детската градинка пред судови и други органи,установи,организации и институции.

**Член 12**

Директорот на детската градинка во рамките на своите надлежности може да овласти друго лице за превземање одредени правни дејстија.

**Член 13**

Назначување на лица со посебни овластувања и одговорности со решение:врши директорот на детската градинка врз основа на актот за организација и ситематизација на работата на детската градинка.

## 2.ОРГАНИЗАЦИЈА И СОДРЖИНА НА ДЕЈНОСТА

**Член 14**

Детската градинка се основа од страна на Советот на општината како јавна установа.

Јавната детска градинка има статут .

Статутот го донесува органот на управување на установата за деца.

Согласност на статутот на јавната установа за деца основана од општината дава советот на општината

**Член 15**

Дејноста на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст .

Дејноста згрижување и оспитание на деца од преучилишна возраст се обезбедува и остварува во детската градинка преку:згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание,образование, спортск орекреативни, културно-забавни активности,мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за потикнување на интелектуалниот,емоционалниот,физичкиот,менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот,односно до вклучување во основно училиште.

Детската градинка:

Обезбедува згрижување и воспитание на деца во целодневен престој од 8 месеци до поаѓање во основно училиште.

Обезбедува воспитание на деца од голема група во полудневен престој.

Детската градинка обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години,односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Организира згрижување и воспитание и на деца со пречки во интелектуалниот развој.

**Член 15а**

Во состав на Детската градинка може да се формира и советувалиште за деца и родители како служба, согласно критериуми на Министерството за труд и социјална политика ( во понатамошниот текст Министерство).

**Член 16**

1. Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку цела година.

Родителите се должни при приемот на детето во градинка да приложат потврда од матичен лекар за здравствената состојба на детето,односно наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телесната попреченост.

Правата и обврските на градинката и корисниците на услугите се уредуваат со договор.

2. Ако во детската градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места,решава комисија за прием на деца.

Составот и начинот на работа на комисијата како и поблиските критериуми за прием на деца во градинка ги утврдува управниот одбор на градинката.

3. Комисијата ја именува директорот.

4. Комисијата е надлежна да решава и за остварување на правото на партиципација.

**Член 17**

Дејноста на детската градинка се остварува според планови и програми за остварување на дејноста.

Детската градинка е должна на родителите и старателите на децата да им ги престави програмите кои ги изведува,нивните цели,содржини и методи за работа при уписот на детето.

**Член 18**

Во детската градинка активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

**Член 19**

Детската градинка според времетраењето остварува , програма за:

-целодневен престој
-полудневен престој
-скратени програми
-пилот програми и
-вониституционални форми и активности на деца.

**Член 20**

Работата на детската градинка се организира во групи,во зависност од возраста по правило во хомогени групи и тоа:

1. до 12 месеци............................................................ од 6 до 8 деца
2. над 12 месеци до 18 месеци........................................од 8 до 10 деца

3. над 18 месеци до две години.......................................од 10 до 12 деца
4. над две до три години................................................ од 12 до 15 деца
5. над три до четири години........................................... од 15 до 18 деца
6. над четири до пет години ......................................... од 18 до 20 деца
7. над пет до шест години............................................... од 20 до 25 деца

По исклучок од став 1 од овој член во зависност од возраста на децата може да се организира:

1. хетерогени групи:
   - до две години............................................................ од 10 до 12 деца
   - од две до поагање во основно училиште................. .од 18 до 20 деца
2. комбинирана група:
   - од 12 месеци до поагање во основно училиште....... од 15 до 20 деца
3. група со пречки во развојот....................................... од 5 до 8 деца
4. група деца од шест години,односно од поагање во Основно училиште до десет години........................... од 20 до 30 деца

Во хомогените, хетерогените и комбинираните групи може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.

По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста , градинката во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца утврдени во ставовите 2 и 3 од овој член , за што согласност дава општината.

**Член 21**

Детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

Детската градинка има обврска во случај на појава на нарушување на нормалната здравствена состојба да го извести родителот на детето,а во случај на поголем број на заболени деца,веднаш да ги извести надлежната здравствена установа и министерството.

**Член 22**

Детската градинка донесува Годишна програма за работа најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

Годишната програма за работа особено содржи: организација и работно време на градинката,програмите на детската градинка,распоредување на децата во групи,работата на директорот и стручните и други работници,соработка со родителите,соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените,работа на стручни органи и други работи за остварување на дејноста.

Годишната програма за работа ја подготвуваат стручните органи на правните лица кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст,врз основа на мислење од советот на родители.

**Член 23**

Во детската градинка се употребуваат прирачници како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар,како и детски списанија кои се во функција на истите активности.

- Решение за одобрување и употреба на прирачниците и детските списанија донесува министерот, по претходно мислење на Педагошката служба.

- Детската градинка е должна најдоцна до месец октомври во тековната година на родителските средби, огласните табли и на ВЕБ страницата на детската градинка, на родителите да им ги престави прирачниците и детските списанија кои се одобрени со решение од страна на министерот.

- Родителите имаат право за своите деца во детската градинка да изберат прирачници и списанија кои се во функција за реализација на воспитно – образовните активности.

## 3.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

**Член 24**

Детската градинка дејноста ја остварува во 3 објети и тоа:

1. Објект **„Мајски цвет“** во Неготино на ул. “Киро Крстев“16.
2. Објект **„Пролет“** во Неготино на ул. “Ленинова“ бр.12
3. Објект **„Темјанушка“** во Неготино на ул. “Станко Франц Пипан“ бр.5А

Во рамките на детската градинка работат и три групи градинка во други просторни услови во селата:

1. Криволак,
2. Пепелиште и
3. Тремник.

**Член 25**

Работното време на вработените во детската градинка изнесува 40 часа во неделата.

Работното време утврдено со ставот (1) на овој член,заради природата на работа на воспитувачот и негователот ,се распоредува на работно време поминато со децата и останато работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата,како дел од вкупните програмски активности,во рамките на полното работно време од ставот (1) на овој член на воспитувачот изнесува 30 часа во неделата,а за негувателот 35 часа во неделата.

Основната плата,надоместокот на плата и надоместокот на трошоците поврзани со работата се пресметуваат и исплатуваат на вработениот врз основа на работното време од ставот(1) на овој член,како и евиденцијата што ја води работодавачот.

Распоредот на работното време на работниците во рамките на 40 часовна работна недела во јавните установи за деца се утврдува со акт на министерот.

Почетокот и завршетокот на работното време на детската градинка основана од Општината го утврдува со акт Советот на Општината.

## 4.УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

### Управен одбор

**Член 26**

Орган на управување во детската градинка е управен одбор.

Управниот одбор на јавната општинска детска градинка е составен од седум члена и тоа тројца претставници од основачот,еден преставник од установата,двајца преставници од родителите на децата и еден преставник од министерството.

Преставниците на основачот на јавна детска градинка основана од општината ги именува и разрешува советот на општината.

Преставникот на установата го предлага стручниот совет на установата,врз основа на стручност и компетентност,а го избира и разрешува основачот во постапка пропишана со статутот на установата.

Преставниците од родителите на децата ги предлага советот на родители,а ги именува и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.

Преставникот на министерството го предлага министерот,а го именува и разрешува основачот.

Преставниците од основачот,министерството и родителите не можат да бидат од редот на вработените во установата.

**Член 27**

Преставникот на управниот одбор од детската градинка го предлага стручниот совет од редот на вработените кои вршат стручни работи во детската градинка врз основа на стручност и компетентност.

Предлогот за преставник во управниот одбор,стручниот совет го врши со јавно гласање,со мнозинство гласови од членовите на стручниот совет.

**Член 28**

Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Мандатот на членовите на управниот одбор почнува да тече од денот на неговото конституирање.

Конститутивната седница на управниот одбор ја свикува и до изборот на председател на на управниот одбор председава најстариот член.

**Член 29**

Управниот одбор детска градинка ги врши следните работи:

- донесува статут на детската градинка,
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината.
- предлага финансиски план до советот на општината.
- предлага годишна сметка до советот на општината,
- објавува јавен оглас за избор на директор на детската градинка,
- врши интервију со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор,
- донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата на кој согласност дава советот на општината,
- одлучува по приговори и жалби на вработените,
- одлучува по жалби на корисниците на услугите и
- разгледува и одлучува и за други работи утврдени со Закон и Статут.

**Член 30**

Со Управниот одбор раководи председател на Управниот одбор,а во случај на отсутност или спреченост го заменува негов заменик.

Председателот на управниот одбор и неговиот заменик се избираат по предлог на членовите на управниот одбор со јавно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Во работата на Управниот одбор учествува и Директорот на градинката без право на глас.

Председателот на управниот одбор ги закажува седниците на одборот и раководи со истите согласно утврдениот дневен ред.

Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови на вкупниот број на членови.

**Член 31**

Седниците на управниот одбор ги свикува председателот на управниот одбор по сопствена иницијатива,по барање на најмалку четири члена од управниот одбор или на иницијатива на директорот на детската градинка.

**Член 32**

Мандатот на член на управен одбор може да му престане пред истекот на времето за кое е именуван ако биде разрешен од орган кој го именувал.

Предлог за разрешување на член на управен одбор пред истекот на времето за кое е именуван донесува управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на управниот одбор.

Управниот одбор ке донесе предлог за разрешување на член на управниот одбор пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи:

- нередовност или спреченост да учествува во работата на управниот одбор,
- ако престанал основот за именување,
- ако работи спротивно на статутот,закон и другите акти на детската градинка,
- на лично барање,

Управниот одбор за преставниците на основачот,преставникот на министерството,преставниците на родителите и преставникот на установата може да поднесе иницијатива за разрешување до совет на општината за случаите со став 3,алинеите 1,2,3 на овој член.

**Член 33**

Одлука за отпочнување на постапка за именување преставници во управниот одбор на детската градинка се донесува најдоцна 30 дена пред истекот на времето за кое се именувани преставниците на управниот одбор.

**Член 34**

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со деловник за работа на управниот одбор.

**Орган на раководење**

**Член 35**

Директорот е орган на раководење на детската градинка.

Директорот ја организира и раководи со работата на детската градинка,самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата,ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата на установата.

Директорот на јавната установа за деца се избира,односно именува за време од четири години.

По истекот на рокот од став 3 на овој член истото лице има право на уште еден мандат едноподруго,а можност за повторен избор,односно именување истото лице има по истекот на четири години од неговиот последен избор,односно именување.

**Член 36**

За директор на детска градинка може да биде именувано лице кое покрај општите услови утврдени со закон треба да ги исполнува и условите од член 142 од Законот за заштита на деца и е:
Со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 136 од овој закон за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник, социолог и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1) и минимум пет години работно искуство по дипломирањето, поседува еден од меѓународно признатите сертификати или уверение за активно признавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)- најмалку А2 (A2) ниво,ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2, и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.
Кандидатот за директор на детска градинка задолжително доставува и програма за работа на јавната установа.

Директорот на јавната установа за деца се избира,односно именува за време од четири години по спроведен јавен оглас за избор,односно именување објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонсиот јазик.

**Член 36 а**

Одредбите од членот 36 од Статутот на ЈУОДГ "Фемо Кулаков" Неготино, кои се однесуваат на условот за поседување меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години нема да се применуваат од денот на влегување на сила на ова статутарна промена до 1 септември 2018 год."

**Член 36 б**

Директорот кој е избран, односно именуван во периодот од денот на влегување во сила на оваа статутарна измена до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговиот избор, односно именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во став 1 од овој член му престанува мандатот.

**Член 37**

Градоначалникот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука Управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација,времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ке се изврши изборот.

Јавниот оглас го објавува Управниот одбор во јавните гласила и истиот трае осум ( 8 ) дена од денот на неговото објавување.

**Член 38**

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно огласот до управниот одбор.

**Член 39**

Пристигнатите документи на пријавените кандидати по јавниот оглас ги прегледува Комисија избрана од Управниот одбор.

Комисијата брои 3 члена.

Членовите на Комисијата се од редот на членови на Управниот одбор.

Комисијата е должна во рок од пет дена по завршување на огласот да ги разгледа пристигнатите документи и да поднесе извештај до Управниот одбор.

**Член 40**

Управниот одбор на кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им ги врака документите со образложение.

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите,согласно со одредбите во статутот на установата.

Управниот одбор врши интервију со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Управниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите,на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

**Член 41**

Градоначалникот во рок од 15 дена по добивањето на предлогот врши избор на директор на детската градинка.

Доколку градоначалникот во рокот утврден во став 1 на овој член не избере директор е должен во рок од три дена да го извести управниот одбор.

**Член 42**

Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од 5 дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од управниот одбор.

**Член 43**

Кандидатите кои не се избрани,во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот,имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од став 1 на овој член кандидатот има право да поведе управен спор.

**Член 44**

Ако на јавниот оглас не се јави никој или ако Градоначалникот не именува директор од предложените кандидти,се распишува нов јавен оглас.

Во случаите од став 1 на овој член градоначалникот именува вршител на должноста –директор од редот на вработените во установата, вршителот на должност директор не е должен да поседува лиценца за директор.

Вршителот на должноста- директор ги има истите права и должности на директор.

Вршителот на должноста може да ја врши должноста до именување на директор, а најдолго 6 месеци од денот на именувањето.

**Член 45**

Директорот на детската градинка:

- ја предлага предлог-годишната програма за работа на управниот одбор и презема мерки за реализирање на годишната програма за работа,
- ги извршува одлуките на управниот одбор,
- одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста,согласно со закон,актите на установата и колективниот договор,
- врши распоредување на работници,
- поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот,
- поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор за работа до управниот одбор,основачот и министерството,
- поднесува извештај за реализација на материјално-финансиското работење на установата до управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење,
- поднесува извештај за реализација на програмите до управниот одбор,основачот и министерството и
- и врши други работи предвидени со закон,статут и други акти на установата.

**Член 46**

Директорот на детската градинка може да биде разрешен:

- на лично барање,
- ако не го спроведува законот и општите акти донесени согласно закон,
- ако не ја остварува годишната програма за работа на устновата,
- ако по негова вина е нанесена штета на децата,нивните родители или

старатели,на установата,на основачот или на државата,

- ако дозволи исплакање на средства кои не се предвидени со годишниот финансиски план на установата,
- ако дозволи организирање на дејноста спротивно на закон,општите акти донесени согласно закон и годишната програма за работа и
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 47**

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно одредбите од членот 46 алинеи 2,3,4,5 и 6 од овој статут управниот одбор на детската градинка ,свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

Во рок од седум дена по прием на заклучокот директорот има право да се изјасни по наводите на заклучокот.

Доколку управниот одбор на детската градинка од ставот 1 на овој член не го прифати изјаснувањето на директорот,свикува седница во рок од 3 дена и во присуство на преставник од научна или специјализирана стручна установа,односно стручен или друг орган кој го определува министерот во зависност од видот на постапувањата од став 1 на овој член врши ислушување на директорот.

Преставникот дава мислење за оправданоста за разрешување на директорот.

Доколку управниот одбор оцени дека е неопходно,во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот до градоначалникот.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот од управниот одбор да го разреши директорот.

Разрешениеот директор,во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот,има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од став 6 на овој член има право на тужба до надлежен основен суд.

**Член 48**

Градоначалникот,во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот,именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор до именување на нов директор,најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

## 5.СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

### Стручен совет

**Член 49**

Стручен орган на детската градинка е стручен совет.

Стручниот совет го сочинуваат сите врботени кои вршат стручни работи:директор,стручни работници,стручни соработници,воспитувачи,негователи,правник и економист.

Со стручниот совет раководи директорот.

**Член 50**

Стручниот совет ги врши следните работи:

- утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа,
- дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа,
- именува и разрешува преставник на јавна установа за деца во управниот одбор од редот на вработените кои вршат стручни работи,
- ги разгледува програмите и плановите за работа и превзема мерки за нивно извршување,
- ги разгледува извештаите за извршен стручен надзор над реализирањето на програмите и предлага соодветни мерки,
- го разгледува планот за стручно усовршување на кадарот во детската градинка,
- ги утврдува потребите по објектите од игровен,дидактички и друг материјал за работа со деца,како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста, и
- врши и други работи кои се од интерес за доброто работење на установата.

**Стручни тела**
**Совет на воспитувачи**

**Член 51**

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите на детската градинка.

Со советот на воспитувачи раководи и го свикува директорот на детската градинка.

Советот на воспитувачи ги врши следните работи:

- го усогласува распоредот на работењето на воспитувачите во детската градинка,
- разгледува содржини за работа согласно програмите,
- ја реализира програмата за стручно усовршување,
- учествува во подготовките и реализацијата на програмата за работа и другите форми за работа со децата,
- соработува со советот на родители и советот на негователи,
- врши и други работи кои произлегуваат од реализирањето на програмите,плановите и другите форми на остварување на дејноста.

**Совет на негователи**

**Член 52**

Советот на негователи го сочинуваат негователите на детската градинка.

Со советот на негователи раководи директорот на детската градинка.

Советот на негователи ги врши следните работи:

- го усогласува распоредот на работењето на негователите во детската градинка,
- ја реализира програмата за стручно усовршување на негователите во детската градинка,
- разгледува содржини на работа согласно програмите и
- соработува со советот на воспитувачи и советот на родители.

**Орган на внатрешна контрола**
**Орган за надзор**

**Член 53**

За вршење на внатрешна контрола на работењето на установата за деца се формира орган за надзор.

Органот за надзор го сочинуваат три члена именувани од основачот.

Членовите на органот за надзор се избираат со мандат во траење од четири години.

За членови на органот за надзор можат да бидат именувани лица кои немаат засновано работен однос во установата,имаат високо образование и поседуваат знаење и искуство од дејноста на установата.

Органот за надзор го свикува и со неговата работа раководи председателот,кој го избираат членовите на органот за надзор од своите редови.

Органот за надзор своите одлуки ги донесува со мнозинство од вкупен број на членови.

**Член 54**

Органот за надзор врши контрола на**:**

- на материјално –финансиското работење на установата,
- користење и располагање на средствата на установата.

За наодите доставува извештај до основачот и министерството.

**Совет на родители**

**Член 55**

Во детската градинка се избира совет на родители кој го сочинуваат преставници на родителите чии деца престојуваат во детската градинка.

Советот на родители брои 11 члена и тоа преставници на родителите од секој објект на детската градинка.

Кога членот на советот на родители престане да биде родител, се избира друг родител од истиот објект како преставник во советот.

**Член 56**

Советот на родители од своите членови именува преставници во управниот одбор со мнозинство гласови.

Согласност за преставниците во управниот одбор дава советот на општината.

Со советот раководи председател и негов заменик кој го избираат членовите на советот на родители со јавно гласање.

До изборот на Председател со советот на родители раководи најстариот член.

**Член 57**

На членовите на советот на родители им се обезбедуваат просторни услови за работа во детската градинка.

**Член 58**

Советот на родители го следи,разгледува и дава мислење за остварувањето на дејноста на установата.

Советот на родители посебно ке се ангажира во давање помош за реализирање на зацртаните активности во програмите за работа со деца.

Советот на родители се ангажира и во изнаогање средства од фондации,подароци,легати,завештанија и средства и средства по основ на солидарност во пари и натура,со цел за подобрување на условите на престој и работа со децата.

**Член 59**

Советот на родители за средствата од член 58 став 2 на овој статут,кои се строго наменски,во секое време може да побара извештај од директорот или управниот одбр за реализација на истите.

## 6.ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 60**

Во Установата за деца се води евиденција и документација.

Начинот на водењето на евиденцијата и документацијата,како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата ги пропишува министерот со правилници.

**Член 61**

Во детската градинка се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно-образовните активности.

Педагошката документација,во смисла на овој член ја опфаќа главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност.

Педагошката документација во детската градинка се води на македонски јазик со употреба на кирилско писмо.

**Член 62**

Педагошката евиденција опфака:

- дневник за работа на градинката,
- дневник за работа на воспитната група,
- планирање и подготвување на воспитно образовната работа
- досие на детето.

Педагошката евиденција се води во хартиена и електонска форма.

Педагошката евиденција се води на македонски јазик со употреба на кирилско писмо.

Формата,содржината и начинот на водењето на педагошката евиденција ја пропишува министерот со правилници.

## 7.ОПШТИ АКТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

**Член 63**

Статутот на јавната детска градинка е основен акт.

Покрај Статутот детската градинка ги има и следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација на работните места во во Установата.
- Правилник за оценување на јавните службеници,
- колективен договор на ниво на детска градинка,
- правилник за заштита при работа,
- правилник за заштита од пожар,
- правилник за плати и надоместоци.

Детската градинка по потреба може да изготви и донесе и други општи акти.

Сите општи акти од став 2 и 3 од овој член мора да бидат во согласност со позитивните законски прописи и одредбите од овој статут.

**Член 64**

Статутот и другите општи акти на детската градинка ги донесува управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Согласност на примена на статутот и правилникот за организација и систематизација на работните места во детската градинка дава Советот на основачот.

## 8.ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 65**

Работата на детската градинка и нејзините органи е јавна.

Управниот одбор и органот на раководење се должни да обезбедат редовно,блговремено,потполно и по содржина и по форма достапно известување на вработените и родителите на децата.

**Член 66**

Органите на детската градинка се должни да известуваат за секое прашење кое се однесува на спроведувањето програмите,финансиското работење и други прашања од значење на работата на детската градинка,со објавување на поважните одлуки на огласните табли во објектите.

Информирањето може да се врши и преку издавање на весник,билтен и друго.

**Член 67**

Патронен празник на детската градинка е 10 мај.

Овој ден се обележува преку организирање приредби со децата пред родителите,органите,организации и други соработници.

**Член 68**

Детската градинка може да земе учество во активности, изложби,приредби и другi манифестации надвор од детската градинка со цел за поуспешно презентирање на дејноста во градот и републиката.

**Член 69**

Манифестации посветени на децата се„Светски ден на детето",„Детска недела" и „Ден на детето".

„Светски ден на детето" е првиот понеделник во октомври.

„Детска недела" се одржува секоја година во првата полна недела од октомври и трае седум дена.

„Ден на детето" е последниот ден од „Детската недела".

Во време на траењето на манифестациите посветени на децата се организираат културни,забавни,образовни,спортско-рекреативни,активности од областа на екологијата и други активности посветени на децата.

**Член 70**

Во детската градинка се употребуваат прирачници и детски списанија одобрени од министерот за труд и социјална политика.

## 9. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 71**

Заради заштита на интересите на детската градинка,детската градинка превзема мерки за чување,ракување,користење и соопштување на податоци кои се сметаат како деловна тајна.

За деловна тајна се сметаат исправите и документите кои настануваат во остварувањето на дејноста на детската градинка,а чие изнесување во јавност или соопштување на неовластени лица,заради нивната природа или значење би можеле да предизвикаат штета на детската градинка,родителите или трети лица.

**Член 72**

Сите податоци и документи кои се пропишани како деловна тајна задолжително имаат ознака„доверливио“ или строго доверливо“.

Обврската за чување деловна тајна трае се додека директорот на детската градинка или органот кој ги доставил податоците не дале согласност за ослободување од чување деловна тајна.

Обврската за чување деловна тајна трае и по престанокот на работниот однос на работникот кој бил запознаен со содржината и доверливите документи

## 10. ОДБРАНА

**Член 73**

Во воена состојба детската градинка продолжува со остварување на дејноста,заради што во рамките на своето редовно работење во мир,во согласност со Законот за одбрана и други прописи спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

Со спроведувањето на подготовките и изработката на документите за работа во воена состојба раководи директорот на детската градинка.

**Член 74**

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната,детската градинка спроведува мерки за заштита на тајноста на податоците од значење на одбраната.

## 11. СРЕТСТВА ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

**Член 75**

Градинката стекнува средства за работа од Буџетот на Република Северна Македонија,буџетот на општината,непосредно од корисникот на јавните услуги на градинката,со продажба на услуги ,легати,подароци,донации и од други извори на начинот и под условите утврдени со закон и актот на основање.

Со средствата стекнати од легати,подароци,завештанија и прилози, градинката располага според намената на давателот.

**Член 76**

Цените на услугите и другите видови на надоместоци за услугите се утврдуваат врз основа на критериуми,нормативи и стандарди на начин и во постапка утврдени со закон.

Цените и другите надоместоци од ставот 1 на овој член можат да се определат диференцирано врз основа на категории на корисници на јавни услуги во согласност со закон.

**Член 77**

Цените на услугите што ги дава детската градинка основана од општината и износот на надоместокот на трошоци за престој во јавната установа на деца што пага на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги,ги утврдува советот на основачот на предлог на управниот одбор на јавната установа за деца.

Основа за уплата на родителите е цената на програмата во која е вклучено детето.

**Член 78**

Градинката одговара за своите обврски со средствата со кои располага.

## 12.ИМОТ НА ГРАДИНКАТА

**Член 79**

Имотот на градинката го сочинуваат недвижниот имот и другите средства,освен средствата стекнати од легат,наменски прилози,подароци и завештанија.

Градинката самостојно управува со имотот и ги користи предметите,финансиските средства и другите материјали потребни за вршење на дејноста,под услови и на начин определен со закон.

**Члан 80**

Кога градинката ке престане со работа,имотот,средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските му припагаат на основачот.

Имотот,средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските,а кои градинката ги стекнала со донација,му припагаат на донаторот под услови утврдени со закон,статутот на градинката и актот за донација.

## 13. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 81**

Постапката за изменување и дополнување на овој статут е истоветна како и постапката за негово донесување.

**Член 82**

Општите акти на детската градинка ке се усогласат со одредбите на овој статут во рок од 1 година од денот на неговото влегување во сила.

До донесувањето на општите акти,во случај кога одредбите на општите акти се спротивни на статутот,непосредно ке се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 83**

Овој статут влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла,а ќе се применува по дадена согласнот од Совет на Општина Неготино.

Заменик Претседател на Управен одбор
на ЈОУДГ“Фемо Кулаков“ Неготино

-------------------------------
/Николовска Даниела/